ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ГРАДСКО
ул.„Александар Македонски“ бр. 70а 1420 Градско
тел: +38943251522 факс: +38943251856
e-mail: gradsko1@t.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 16-218/2
27.05.2025 год.
ГРАДСКО

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање**

*Почитувани,*

Во врска со Вашето барање од 28.04.2025 година во кое барате достава на информации од јавен карактер, во прилог на овој допис Ви ги доставуваме следните податоци:

1. Постапката по огласот за оттуѓување на градежно земјиште во општина Градско, за КП 55/5 КО Згрополци, со закажано јавно наддавање на 25 април не се одржа бидејќи истата е поништена согласно член 58 став 5 од Законот за градежно земјиште - истекување на овластување на Претседателот на комисија.

2. Урбанистичкиот проект како донација од приватна компанија, а не од страна на општина Градско се изработува од причина што се работи за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за кој се потребни повеќе финансиски средства, а општината со оглед на буџетот кој го има на располагање не е во можност да го изработи. ДПТТУ „Дијабаз Карамата“ од Скопје се појави како заинтересиран инвеститор на територијата на општина Градско со намера за изработка на урбанистички проект и негово донирање на општината,од кои причини од страна на Советот на општината е донесена одлука за примање на донација на истиот. Додека Урбанистичкиот проект за Хемиската индустрија Велес се изготвува од страна на приватна компанија сопственик на објектите, а не од општина Градско.

3. Во однос на инвестициското портфолио на компанијата Ве известуваме дека согласно член 54 став 1 алинеја 1 Законот за урбанистичко планирање тоа е дополнителен услов кој не е задолжителен да се предвиди во објавата. Со оглед дека урбанистичкиот проект е изработен за градби вон опфат на урбанистички план согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање, не постојат услови или економска оправданост за донесување

на истиот. Целиот тек на постапката кој е воден согласно Законот за урбанистичко планирање и одобрување на истиот согласно член 62 од истиот закон обезбедува сигурност на општината дека идната градба на предметната парцела ќе биде реализирана согласно сите еколошки и безбедносни стандарди за соодветната намена. Проектот е наменет за градби со намена Г1.4- тешка градежна индустрија и производство на неметали, а за каква градба ќе стане збор ќе знаеме дури по продажба на земјиштето и издавање на одобрение за градење на објект на предметната парцела. Со оглед дека продажбата ќе се врши со јавно наддавање, постои можност за продажба на земјиштето на секој заинтересиран инвеститор кој ќе се пријави на објавата.

4. Согласно член 54 од Законот за градежно земјиште вредноста на инвестицијата, бројот на вработени и средствата кои ќе бидат вложени се дополнителен услов кој не е задолжителен дел од објавата од кои причини истите не се побарани во објавата. Инвеститорот на градбата за предметната намена ќе го дознаеме по завршување на постапката за јавно наддавање.

5. Постапката за изготвување на Урбанистички план вон населено место Згрополци се изготвува од страна на полномошник ДПТИ УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес за приватна компанија сопственик на објектите.

6. Урбанистички план вон населено место Згрополци е доставен на согласност во Министерство за транспорт, рокот за неговото усвојување и стапување на сила неможе да го дефинираме истиот зависи од временскиот период на добивање на согласноста од Министерство за транспорт, по кое следува одобрување од советот на општината и преклопување на подлоги во катастар. Одобрувањето на урбанистичкиот проект ќе биде јавно достапно на страната на општина Градско.

7. Постапката за КП 55/5 е водена пред Министерство за транспорт како урбанистички проект вон опфат на урбанистички план согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање на иницијатива на ДПТТУ „ Дијабаз Карамата" кој проект е веќе одобрен и дониран на општина Градско, а постапката за изработка на урбанистички проект вон населено место покрената од страна на Метрудхем ДООЕЛ како инвеститор преку полномошник ДПТИ УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес сеуште е во тек и се води како урбанистички план вон населено место. Станува збор за две сосема одделни постапки, со различна намена и различен инвеститор, со тоа што во едната постапка општината се јавува како прималел на донација на урбанистички проект, а во другата постапка како надлежен орган за водење на постапката. Информации за истите како и одлуките донесени од страна на Советот на општината се јавно достапни.

8. Советниците побараа информации за конкретната намена на урбанистичкиот проект. Од страна на изготвувачот на проектот и инвеститорот конкретизирано е дека на предметната локација ќе биде изработен урбанистички проект со компатибилна намена Е 1.13 за поставување на фотоволтаична централа, по што советниците едногласно донесоа одлука за давање согласност за изработка на проектот.

9. Градежното земјиште на кое во моментот се наоѓа Хемиската индустрија Велес по изработка на урбанистичкиот проект-негово одобрување ќе биде оттуѓено согласно член 15 став 4 од Законот за градежно земјиште.

Во однос на прашањата под реден број 10,11 и 12 општина Градско нема започнато постапка за оттуѓување на депонијата со радиоактивен фосфор-гипс. Општината се грижи за интересите на граѓаните и на државата и сите постапки од наша страна се транспарентно спроведени, одговорно соработуваме со сите надлежни институции се со цел избегнување на негативно влијание врз околината и здравјето на луѓето. Во однос на рестартирањето на хемиската фабрика, самиот предлог план за поставување на фотоволтаични централи на таа локација ја исклучува можноста од нејзино рестартирање и загадување на животната средина.

*Со почит,*

Службено лице:
Мери Седмакова-Димовска

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков